# ИНФОРМАТОР ЗА **ДИСКРИМИНАЦИЈА**

2018
**АПРИЛ**

Нееднаквиот третман кон определено лице или група на лица поради нивните лични карактеристики претставува дискриминација. Основите, видот и областите во кои дискриминацијата се забранува најдетално се опфатени со Законот за спречување и заштита од дискриминација. Прифаќањето на различностите и заштитата од дикриминација се многу важни за напредокот на секое општество. Од овие причини Мисијата на ОБСЕ во Скопје и Хелсиншкиот комитет ги набљудуваат случаите на дискриминација, активностите на државата и останатите здруженија на граѓани во делот на превенцијата и заштитата од дискриминација. Информаторот ги прикажува податоците од набљудувањето во текот на еден месец. Месечните информатори вклучуваат и податоци за случаи и мислења дадени од страна на Народниот правобранител.

## Случаи на дискриминација

Нееднаков третман овој месец **9**

### ОБЛАСТ

| | | |
|---|---|---|
| 8 работни односи | 0 образование | 0 социјална сигурност |
| 0 здравство | 0 пристап до добра и услуги медиуми | 0 домување |
| 0 медиуми | 0 избирачки права | 1 друго |

## Реакции

Реакции овој месец **10**

### ВИД НА РЕАКЦИЈА

| | | |
|---|---|---|
| 0 осуда од функционери | 3 соопштение од здр. на граѓани | 0 протест |
| 2 мислења на Народен Правобранител | 3 мислења на Комисија за заштита од дискриминација и Државни институции | 0 останато |

### ПРЕВЕНЦИЈА

Активности на ДИ **0**

Активности на здрж. на граѓани **2**

## Карактеристики на жртвата:

| | | | |
|---|---|---|---|
| 12% пол | 55% етничка припадност | 0% религија | 0% политичка припадност |
| 0% попреченост | 0% сексуална ориентација | 0% корисници на дрога | 33% друго |

### ОБЛИК НА ДИСКРИМИНАЦИЈА

| | |
|---|---|
| директна | 7 |
| индиректна | 0 |
| вознемирување | 2 |

### СУДСКИ ПОСТАПКИ

| | |
|---|---|
| Тековни судски постапки | 0 |
| Позитивни пресуди | 0 |
| Негативни пресуди | 0 |

СЛУЧАИ НА ДИСКРИМИНАЦИЈА ВО 2018




## СЛУЧАИ НА ДИСКРИМИНАЦИЈА ОД АПРИЛ 2018

### СЛУЧАЈ:

Основен суд Скопје II донесе првостепена пресуда со која се утврдува дека Општина Гази Баба како тужен, сторила дискриминација по основ на јазик и етничка припадност во областа на работните односи. Со пресудата се забранува преземање на понатамошни дејствија од страна на тужениот со кои се врши дискриминација.

Тужителот е вработен кај тужениот. Во текот на вршење на работни обврски, имал вообичаен разговор на албански јазик, при што нивната колешка откако ги слушнала дека разговараат на албански јазик, бурно изреагирала и ги пријавила. Тие биле повикани на разговор од Раководителот на секторот и им било укажано дека согласно законските прописи службен јазик во Општината е македонскиот јазик и истиот треба да го користат во нивната комуникација. Тужителот поднел претставка до Комисијата за заштита од дискриминација, по што Комисијата донела мислење дека постојат елементи на дискриминација и дала препорака до општината да ја отстрани повредата. Со оглед на тоа дека тужениот не постапил по мислењето и препораката на Комисијата, тужителот поднел тужба до надлежниот суд.

Судот во пресудата ги применил одредбите од Законот за спречување и заштита од дискриминација и Законот за работните односи, како и член 14 од Европската конвенција за заштита на човековите права (Забрана на дискриминација) и член 1 од Протоколот бр.12 кон Конвенцијата (Општа забрана за дискриминација) врз основа на кои утврдил дека е повредено правото на еднаков третман на тужителот.

### СУДСКА ПРАКСА:

Жалителот, Сергеј Леонов, согласно руското национално законодавство поднел барање за воспитување и чување на неговото малолетно дете, откако се разделил со својата сопруга. Националните судови постапувајќи по неговото барање, изрекувајќи привремена мерка – забрана за доближување до детето, до завршување на постапката, детето го доделиле кај мајката.

Г-дин Леонов поднел жалба до Европскиот суд за човекови права во Стразбур, повикувајќи се на член 8 (право на почитување на приватниот и семејниот живот) во врска со член 14 (забрана за дискриминација) од Европската конвенција за човекови права (ЕКЧП) и член 5 (еднаквост меѓу брачните другари) од Протоколот 7 од ЕКЧП.

Судот не утврдил повреда на член 14 во врска со член 8 од Конвенцијата во смисла дека не постоел различен третман врз основа на пол, како во националното законодавство, така и во постапувањето на домашните судови. Воедно посочил дека целта на членот 5 од Протоколот 7 од Конвенцијата бара од државите членки на Конвенцијата да предвидат законодавни решенија кои ќе овозможат еднакви права помеѓу брачните другари во случаи каде што се уредува воспитувањето и чувањето на нивните деца.

### РЕСУРСИ:

Одлука на Советот за етика на медиуми - http://semm.mk/attachments/02-04-2018/gragjani-sloboden-pecat.pdf

Коалиција Маргини „Процена на знаењето, ставовите, практиките и потребите на пратениците во Собранието на РМ во врска со човековите права на ЛГБТИ луѓето и заштитата од дискриминација“ - http://coalition.org.mk/publikacii/protsena-na-znaene-to-stavovite-praktikite-i-potrebite-na-pratenitsite-vo-sobranieto-na-republika-makedonija-vo-vrska-so-chovekovite-prava-na-lgbti-lugeto-i-zashtitata-od-diskriminatsija/

Агенција на Фундаментални права (FRA) – „Анти-ромски практики како континуирана пречка за инклузија на Ромите“ - http://fra.europa.eu/en/publication/2018/roma-inclusion

Извештај на Европскиот парламент „Адресирање на стереотипите за ЛГБТИ заедницата во медиумите“ - http://www.equineteurope.org/European-Parliament-says-stereotypical-depiction-of-LGBTI-people-in-media-needs

Еквинет „Еднаквоста и борбата против расизмот и ксенофобијата“ - http://www.europarl.europa.eu/RegData/etudes/STUD/2018/615660/EPRS_STU(2018)615660_EN.pdf

Хелсиншки комитет за човекови права „Работничките/ците кои користат отсуство поради бременост имаат право на регрес за годишен одмор“ - http://mhc.org.mk/announcements/759?locale=mk

Хелсиншки комитет за човекови права „Погрешно и дискриминаторско толкување на одредбите за исплата на регрес за годишен одмор од страна на претседателот на Организацијата на работодавачи“ - http://mhc.org.mk/announcements/754?locale=mk

Хелсиншки комитет за човекови права „Инфографик за состојбата на Ромите во Македонија“ - http://mhc.org.mk/system/uploads/redactor_assets/documents/2881/INFOGRAFIK-Sostojba-na-romite-vo-makedonija-final-01.pdf

Содржината на ова издание не секогаш ги одразува погледите или ставовите на Мисијата на ОБСЕ во Скопје.

ОБСЕ Организација за безбедност и соработка во Европа **Мисија во Скопје**

ХЕЛСИНШКИ КОМИТЕТ ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА НА РЕПУБЛИКА **МАКЕДОНИЈА**

ПРИЈАВИ ДИСКРИМИНАЦИЈА НА:
**+389 (0)2 3119 073 / 078 252 812**